| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Патуваме низ вселената |
| **Содржина на денот** | Игри со јаже |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Оддржување на здрави и безбедни навики во градинката и пошироката средина. |
| **Активност** | Пред да изведувате било какви физички вежби со Вашето дете, најпрво загрејте го телото со вежбите за загревање и обликување на телото. Во прилог следува кратко видео за вежби кои можете да ги изведете во домашни услови и се соодветни за оваа возрасна група.<br>https://youtu.be/oc4QS2USKmk<br>Откако детето ќе се загрее можете да играте разновидни игри со јаже. Такви игри има многу во зависност од желбата на детето и неговите можности.<br>1.„**Скокање со јаже“**(сл.2) со едната или со двете нозе.(Демонстрирајте му на детето па нека се обиде самото да ги изведе вежбите). Оваа вежба се изведува наместо и во движење. Особено е интересна за девојчињата и тие многу брзо ја учат. Вртењето на јажето се врши во насока напред и назад.<br>2.„**Прескокни го јажето**“(сл.3). Двајца од семејството треба да го држат јажето на краевите, а детето треба да го прескокнува јажето со двете нозе. Јажето се повеќе се крева нагоре се до висината која детето може да ја прескокне. Оваа игра е статична.<br>3.**„Кој може да претрча под јажето**“.За оваа игра се потербни двајца возрасни и детето кое ќе претрчува под јажето. Возрасните го вртат јажето, а детето со трчање треба брзо да помине под него.За оваа игра е потребен поголем простор.<br>4.Доколку сте повеќе членови во семејството и имате доволно простор, можете да ја играте играта:„**Надвлекување со јаже**“(сл 6).<br>Едните од едната, другите од другата страна се фаќаат за јажето и почнувате |

| | |
|---|---|
| | да се надвлекувате. Секоја група влече на своја страна, победува онаа група која ќе успее противничката „екипа“ да ја надвлече на своја страна.<br>Можете и самите да си смислите некоја игра која ќе му биде интересна на детето.<br>На крај прошетајте со детето на чист воздух, тоа ќе го опушти и притоа разгледувајте ја природата и разговарајте за околината која детето ја набљудува. Доколку тоа неможете да го реализирате играјте ја играта:„Букви“, всушност правете букви од повеќе јажиња. |